Между общите идеали на Пиринска Македония и О. Ф. България, на първо място стои този за цялостното обединение на македонския народ в своята Народна република Македония, което бе идеалът и на прогресивната българска интелигенция, която вчера мреше по македонските чуки с усмивка на уста.

* * *

Борбата в Вардарска Македония бе поставена в друга политическа и обществена обстановка, отличаваща се чувствително от същата обстановка в другите две македонски части. Тук велико-сърбите се опитаха да отрекат народностната самобитност на македонския народ и да заличат от географските карти и исторически помагала самото име на неговата страна — Македония, което вековете и хилядилетията не успяха да заличат. За тях нямаше *македонски народ*, а само *„прави сърби“*, нямаше *Македония*, а само *Южна Сърбия*. Това бе първата плоскост, на която се поведе борбата между двете сили: самобитното македонско революционно движение и реакционния велико-срьбски шовинизъм и монархизъм. А в народностния принцип македонското движение във Вардарията внесе всички модерни демократически идеи: за народностна автономия в Македония и за федерална и демократическа структура на цялата политическа общност, от която ходът на историческите събития бяха я направили съставна част. То, македонското движение, *не бе сепаратично*, като жалките развалини от ВМРО на Т. Александровци и

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје

Иванчо Михаиловци, затова и много, неочаквано много скоро се приобщи и заработи задружно с общото прогресивно и демократическо движение на широките народни маси в старата монархическа и реакционна ЮС. И тук се крие тайната на неговите успехи. След няколко годишна упорита и кървава борба, ю. с. народи, с братската помощ на великата и непобедима червена армия и българската народна войска, успяха най-после под водачеството на народния маршал Тито да прогонят жестокия окупатор зад Драва и Тиса и да сломят вътрешната реакция на Карагеоргиевичи и техните жалки оръдия.

Благодарение на тази разумна и твърда борба на революционните и демократически сили на Вардарска Македония се роди *Народната република Македония* в границите на Федеративната република Югославия. И днес само враговете на прогреса и демокрацията не могат да разберат и оценят великата радост на народите в Вардарска Македония, която с промяна на политическия си облик получи историческото си име. От безправна провинция в монархическа и реакционна ЮС. тя се превърна в самостоятелна държавна единица от демократическа и федеративна Югославска република.

Вчерашната Вардарска бановини е днес Народна република Македония от Титова ЮС.

Че това не е още цялостна Македония, както без България не е още цялостна и ЮС федерация, е лесно да се разбере и разясни. Както утре цялостната ЮС с България и Пиринска Македония няма да бъде цялостната Балканска федерация без Гърция и Албания. Но се върви към туй, към този желан завършек на едно историческо дело: обединението на балканските народи.

Образуването на Народната република Македония е втора решителна и по-напреднала крачка към идеалите на Гоце Делчев и Яне Сандански. И няма защо и от що да се смущаваме, че още не сме стигнали желания връх. Балканските народи са на прав път и близко до него. В Скопие и Битоля е авангарда на прогресивното македонско движение, тъкмо там, където шовинистическите движения в миналото намираха най-голяма опора. И реакционер е всеки, който се опитва да къса исторически създалите се връзки между НР Македония и Титова ЮС. Също, както само реакционерите могат и действително се опитват да смущават братските чувства между Пиринска Македония и ОФ България.

След всичко казано дотук, можем вече да се спуснем по-наюг, зад Алиботуш, Беласица и Пелистер, в така наречената Егейска Македония.

Първото нещо, което ще удари в очите на безпристрастния наблюдател, познаващ южна Македония отпреди Балканската война, е променения народностен облик в полза на елинистическия елемент. Докато в другите две покрайнини промени има само в отделни подробности, а общата картина си остава все същата, тук напротив е докоснат и общия облик. Тази промяна се дължи в общите си линии на преселването на малоазиатското гръцко население във вреда на славянското. Затова и борбите на коренното македонско население, закърмено с идеите на кукушанеца Гоце Делчев, от родното огнище на когото, и помен не е останал, трябваше също до се справят с новата обстановка. И — за тяхна чест — се справиха леко и правилно. Те сляха своите усилия с демократическите движения в Егейска Македония и Гърция. Техният

Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје

здрав усет им подсказа, *че сепаратизмът е отживял времето си*, че за новите условия са нуждни нови борчески лозунги и нови борци. И не се излъгаха в своите надежди. В Солун и Атина не се раждат и организират само андарти на мегалоидеите, но и смели народни борци, които могат да бъдат верни другари в борбата за свобода, братство и местно самоуправление, за каквито се жертвуваха борците в миналото.

И нищо друго не е смущавало така силно гръцките реакционери, както съвместните борби на славяни и гърци против тяхната тирания. И въпреки всички техни усилия, македонското съзнание и македонското чувство не само че не изчезнаха всред коренните жители, но обхванаха и ново-заселците. И това население ще бъде спойка и за цялостна Македония и за цялостното балканско единение и федериране. Но естествено е, че то ще пристъпи към тази нова градивна работа чак след разрешаване на вътрешната гръцка криза, чак след тържеството на демокрацията в нашата южна съседка. Само така Егейска Македония, вървейки ръка за ръка с гръцката демокрация, ще може да се влее в единна Македония, като част от единната Балканска федерация.

И така, разкъсването на Македония бе дело на съгласуваните усилия на старите монархически балкански държавици. Обединението на Македония ще се постигне пак с общите усилия на балканската демокрация, а на първо място на южнославянската.

Всички предусловия за обединението на Македония вече съществуват в съзнанието на макaлонския народ. Налице и е Пиемонта за осъществяването му. Той е днешната Народна република Македония.

---

Бане Андреев

## За некои „теории" на повампирените големобугарски шовинисти

Последните неколку месеци во бугарскиот реакционерен печат со помошта на разни меморандуми се води безобзирна клеветничка кампања против нова Југославија, особено против начинот на решуењето на слободата и правдата на македонскиот народ. Големобугарските реакционери и кобуршките слуги од сите бои се најдоа на една линија; здружени со заедничката омраза против исправното разрешуење на македонското прашање, тие ја користат секоа прилика да ги оживат и да ги проповедат големобугарските шовинистички теории и претензии на Македонија. Во оваа клеветничка кампања нарочно предњачат социалфашистот Крсто Пастухов со својот „Слободен народ", Гиргиновото „Знаме" и така нареченото „Народно земјоделско знаме" на Петков. Особено безобзирни по своите клевети се истакнуеја статиите на Пастухов, Кунев, Гиргинов, Хаџев, Преспански Лерински и други.

Бане Андреев е роден в гр. Велес през 1903 г. Бил е член на Ц. к. на младежката рев. организация в Югославия. През 1928 г. бива осъден на 15 г. затвор. През 1941 г. той е активен деец на съпротивителното движение и пламенен организатор на антифашистките отряди в Македония. Бива избран за член на Главния отбор на освободителното движение в Югославия, а после за политически комисар на главния щаб на НОФ и ОП за Македония. В първото македонско правителство той е министер на рудите, а сега е също така министер на рудите в централното правителство на Ф. Н. Р. Югославия.

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

# I

Во низа статии претставителите на големобугарскиот шовинизам и завојувачките претензии спрема Македонија (Пастухов, Гиргинов, Кунев, Хаџов, Лерински, Преспански и др.), тврдат дека Македонците уште во средниот век биле Бугари и дека уште тогај дале големи имиња од кои денес Македонците се срамуат и откажуат. „Вие мегју имињата на народните препородители не смеете да ги споменете имињата на св. Кирил и Методи, на Св. Климент Охридски и плејада други великани заслужени Бугари, родени во Македонија“ (Лерински „Знаме“ од 20 октомври 1945 година.) Овие тврдења на споменатите господа се неточни и неверни. Дека, кога славјанските племиња се доселуеја на Балканот кај нив уште постоеше племенски начин на животот. Под влијанието на византиската цивилизација и култура, а нарочно на христјанството, племенското уредуење почнуе да се распагја. Така во Македонија повеке племиња се соединуат во Склавиниа, кои подпагјаат под власта на Византија. Славјанските племиња кои беа на периферијата на византиската империја, самостојателно или со помошта на племињата кои опагјаа во Византија се ослободуат и создават самостојателни држави. Македонските Склавини успеват под раководството на Самуил да се ослободат од византискиот јарем и да се соединат во Македонска държава (од 976—1018 година). Така през целиот среден век Македонците беа најмногу под власта на Византијците, а помалку под власта на Бугарите и Србите. Кон крајот на средниот век подпагјат под отоманска власт, и останат под јаремот на оваа до 1912 година. Господството на средновековните освојуачи во својата сашност не се разликуело, бидејки беше феудално. Кога идеше на власт еден освојуач, тој само ги менуеше одделните феудални вазали, кои сега би му биле верни, би спроведуеле негова феудална пљачкашка политика, би му плакјале данок и би се тепале за него, а народот останеуше и понатаму приврзан за земјата како колон или меропх, или себар, изложен на безобзирно пљачкање и ропство на феудалниот господар, па бил тој или византијски дук или бугарски бојар или српски великаш.

Културните и просветните прилики, кои во тоа време се развиваа, имаа битно обележие на хрисјанската и славјанската култура. Оваа култура немаше национално обележие, таа не беше ниту бугарска нито српска. Таа во главно се простираше на еден тесен слој од црквени достојанственици и феудални великаши, додека широките маси живееја во незнаеие и суеверие. Јазикот на кои таа се развивала, беше црквенословенски јазик, кој беше заеднички не само за Јужните Славјани, таку и за некои други словенски народи (Руси). Заради сето тоа ние во тој период не можеме да говориме за национална култура, ниту на Бугарите, нито на Србите.

Исто така ни во покретот на богумилите не можеме да видиме еден национален покрет, туку востание на селаните против феудалното господарство и тиранијата, чија идеологија беше изградена на религиозна основа. Покретот на богумилите беше предходник на селските војни во западна Европа

Културните споменици и традиции, кои настанаа во средниот век (цркви, манастири, разни паметници) беа бугарски или српски. Тие заедно со хрисјанската вера беа еден од најглавните фактори, кои направија македонските славјани да го зачуват своето славјанско обележие и да

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“- Скопје

не подлегнат на турската асимилација. През целиот средни век па и до денешен ден, овие традиции и паметници помогнаа кај македонските славјани да се развие национална култура и да се одржат што поблиски и потесни односи спрема нивните крвни бракја од Србија и Бугарија. На базата на овие средновековни традиции и културни врски, денеска се продлабочуе и изградуе братството на Јужните Славјани. Македонскиот народ не само да не се откажуе од апостолите Свети Кирил и Методи, Св. Климент и Наум, туку напротив, тој се гордее со нив. Но тие, макар да се родени на македонска земја и во поголемиот дел работеа во Македонија, не се само македонски, туку општославјански учители. Затоа грешат господата Куневци и немаат право кога говорат за „бугарскиот дух на Македонците од средниот век", за „националното чувство" на Македонците од тоа време. Националното чувство, националното разбирање му беше туѓо и непознато на средновековниот човек, било да тој живее во западна Европа или на Балканот. Нема тогај ни англиска ни француска ни руска, па спрема тоа нема ни бугарска ни српска нација. Македонските Славјани не можеа да имаат нешто што не постоеше изопшто во тој историски период ни кај еден народ во светот.

## II

Друго прашање кое тие го поставуат, е: „Има потреба за создавање на нова македонска народност" (Преслав-Преспански во статијата „Македонска дејствителност". „Знаме" 29 октомври 1945 г. Понатаму: „Вие во овој мемент уште говорите за македонски Славјани, но не смеете да признаете, дека тоа не се македонски Слявјани, туку македонски Бугари". Атанас Лерински во статијата „О, неразумни народе...", „Народно земјоделско знаме" 4 ноември 1945 година);

„Се родија Македонци, а исчезнаа Бугарите". (Хаџев во статијата „Заветот на Гоце Делчев" „Слободен народ" од 6 декември 1945);

„Се зборуе не на славјански јазик, кој не постои, туку на бугарски јазик" (Пастухов во статијата „Патот на споразумение" во листот „Слободен народ" од 18 октомври 1945);

„Ние стануевме и стануеме против вештачкото народоносно изградуење на една нова Македонија до некаква особена македонска раса со свој особен македонски јазик, за кој е создадена и особена македонска граматика. Дали е потребен тој дефетизам за да се од Македонија направи достоен член на југословенската федерација?" („Знаме" — 11 мај 1946).

Можеме да наведеме уште безброј „аргументи" со помошта на кои тие докажуат: „Како не постоела Македонска нација и дека таа не постои, туку дека е тоа измислица на српските комунисти — империалисти" (Пастухов).

Македонската нација не е нити измислена, нити насилно создадена, туку е настаната во еден одреден историски период, во капитализмот, кога настанаа нациите во западна и источна Европа. Настануењето на македонската нација донекаде се разликуе од останатите нации на Европа, оти таа настануе во периодот на доцниот капитализам, кога тој преминуе во империакизам. Нужно е да се уочи оваа разлика и нејзините специфични обележја под кои е таа настаната, за да би можеле да ја разбереме.

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје

Турското царство веке во XVIII век западна во криза. Оваа источна азијатска деспотија, растргната од внатрешните противречија и сукоби, започна да се распаднуе. Овој процес уште повеке се убрзуе од надворешно-политичките udари нарочно после загубената војна со Русија и Австрија, турското царство нигло почнуе да назадуе и да се распаднуе. Настануе дезорганизација во централната управа. Земјата ја растргнуат друштвени и политички кризи. Некои паши се одметнуат од Султанот и самостојателно управуат со одделни провинции (јаничарите на белградскиот пашалук, Пизван-Оглу пашата на видинскиот пашалук, јанинскиот, тетовскиот и други паши). По земјата крстарат јаничарски, крџалски и башибозлучки и дахијски банди, кои ограбуат и пустошат цели земји. На нивното ограбуење нарочно беше изложена Македонија. Населението, не можејки да поднесуе убијства, грабеж и палење од овие банди, бега пред нив и се заклонуе во градовите, кои беа утврдени и бранети и во високите и тешкопристапни планински места, а полињата останует пусти.

Градовите на Македонија беа главно населени од Турци, Грци и Власи. Сега нивната структура се менуе славјанското население е тоа, кое почнуе да доминира и да игра со порешителна ролја во економскиот и политичкиот живот на градовите. Славјаните, настануејки се по градовите, почнуат да се занимаваат со трговија, занаетчиство и земјоделие. Тие во трговијата и занаетчиството почнуат да ги потискаат Грците и Цинцарите, така да набргу настануе се по голем сукоб меѓу македонските Славјани од една, и Грците и Цинцарите од друга страна. Своето повластено положение Турците, Грците и Власите настојаваат со сите сили да го запазат, додека Македонците од друга страна со сите сили се борат да извојуат и им одземат позиција за позиција. Остриот класен сукоб, што се разви во македонските градови во првата половина на XIX век, добива форма на борба на македонските Славјани за школи и за културни и црквени права.

Македонците, да би можеле успешно да ги водат своите трговски и занаетчиски магазини, мораа да се школуат, и во почетокот тие започнаа да се школуаат во грчките школи. Но набргу Грците им забрануат пристап во нивните училишта. Затоа Македонците се принудени сами да организират училишта. Така по манастирите, црквите и кај поедини трговци и занаетчии, почнуат да никнуат првите македонски училишта, така наречени „манастири“, во кои се предава на старословенски јазик. Во овие училишта се учи псалтир, часлав, молитвеник, земјопис и сметање. Учители во овие училишта беа во поголемиот дел Македонци или учители, кои одделни трговци ги доведоа од словенските земји: Војводина, Славонија, Србија, Бугарија и др. Во овие училишта се повеке и повеке почнуе да доминира над црквенославјанскиот јазик месниот македонски говор, почнуе изградуењето на македонскиот јазик. На овој јазик ги пишуат своите дела Јоаким Крчовски, Кирил Пејчинович, Глигор Прличев, Бракја Миладинови' Жинзифов, Константин Џинот и др. Каков мокјен економски и политички фактор се македонските трговци и занаетчии во тоа време, се видуе по тоа, што тие ѕидаат низа цркви, Скопскиот еснаф ја ѕида чувената по својата резбарија црквата Св. Спас (1820 година), а тръговците Св. Богородица (1838 год.). Во Велес Св. Спас и Св. Пантелеј (1830 год.), во Прилеп Св. Благовести. Многу од овие цркви имаат редка и светско чувена художествена стојност по

Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“- Скопје

своите резбарии (Св. Јован Бигорски, Св. Спас, Благовести и др.). Во тоа време цвета и чувеното дебарско-зографско училиште. Тоа се веке големи и крупни просветни и културни манифестации на македонската нација.

Со отворањето на првите македонски училишта и цркви, Грците се недоволни и настојуат со сите возможни сили да ја угушат нивната работа. Грците настојуат по училиштата да се учи, а по црквите да се служи на грчки јазик, учителите, владиците и поповите да бидат Грци и од трговијата со овие должности прават уносни работи. Ова уште повеке ја заоструе ситуацијата и доведуе до остри и крвави сукоби. Првите сукоби почнуат во Скопје, Велес и Прилеп кон триесетите години, каде дојдуе до избркуење на финариотските владици и завзимање на црквите, а подоцна покретот се прошируе и ја обфануе цела Македонија. За поврзуење и вовлечуење на цела Македонија во ова борба во многу допринесат покрај останатото и панагјурите, на кои се состануат трговците и занаетчиите од разни места да тргуат со своја стока. Тие тука, тргуејки, во исто време се договоруат и организуат за понатамошното водење на борбата против фанариотите, ги изменуат своите искуства и учители итн.

На будењето и јакнуењето на овој покрет многу допринесуат идеите и одеците на национално ослободителните востанија во Србија и Грција. Македонските трговци, патуејки за Пешта и Беч преминуејки низ Србија, се напојуеја со националните слободарски идеи и гледаа како се добива националната слобода. Затоа е трговската буржоазија, главен организатор и ръководител на борбата за просветни, културни и црквени права на македонскиот народ. Конкурентската борба се манифестуе во борба за училишта и верски прашања.

На овој степен на својата национално-ослободителна борба, македонскиот народ ја упери својата главна оштрица на грчката патриаршија, која беше најјак столб на отоманската империја и спроведуач на нејзиното угнетуење на словенските народи. Тоа беше неограничен господар во културното, просветното и црквеното угнетуење на Славјаните, а едновремено ги подвргнуеше на една нечуена економска пљачка, тргуејки со владичките, поповските и учителски места и со сите останати црквени права. Таа истовремено вршеше и обавештајна служба за сметка на отоманската империја меѓу Славјаните. Затоа урнуењето на грчката патриаршија значеше урнуење на еден од главните столбови на отомската империја.

Нешто подоцна оваа борба против грчката патриарщија се разви и во Бугарија. Но темпото на развитокот во Бугарија е побрз, оти борбата на бугарскиот народ е потпомогната и организирана од богатата бугарска емиграция од Бесарабија, Молдавија и Украина. Исто така Бугарите уживаат помош и од самата Русија. Македонскиот и бугарскиот народ се најдуат сега на еден пат, тие имаат заеднички непријатели — отоманската империја и грчката патриаршија, тие имаат заеднички цели. Создружени сили тие сега зеедничко се борат против заедничкиот непријател. И наместо оваа борба да уроди со плод и за едниот и за другиот народ, македонскиот народ во оваа борба бива изигран. Бугарите ја исползуат победата и организират егзархат на бугарската црква, на кого едноставно му ја потчинуат Македонија. Егзархатот стануе експо-

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје

нент на бугарската политика, тој ги спроведуе завоевателните апетити на бугарскиот двор спрема Македонија.

Со отворањето на егзархиските школи на бугарски јазик и со ширењето на бугарската култура, во текот на извсcно време еден известен дел од македонската буржоазија, извесни делови од средниот сталеж со интелегенцијата, добиваат бугарско воспитание и почнуат да се чувствуват Бугари. Тоа е првата фаза во развојот на македонската нација и борбите на македонскиот народ за своја слобода.

Во другата половина на XIX век капитализмот појако пробива на Балканот. Поврзуењето на Македонија со светските пазари преку Солун, нарочно со изградуењето на линијата Солун—Скопје—Косово и Солун—Битола, македонскиот пазар станує пристапен за светското тржиште. На македонското тржиште почнуе да пристига стока од сите страни на светот, а македонските производи почнуат да се продават на разни светски тржишта. Производството на стоката почнуе да господари на македонското тржиште, тоа ги крши феудалните односи и неутралното стопанство, парите стануат господар на тржиштето. Оваа револуција во економските односи предизвикуе и промена на класните односи во Македонија.

Спахиските одоноси, кои постоеја во Македонија и во целата отоманска империја, сега се претворуат во беглерски односи. Спахијата имаше на уживање свој спахилок и тој од селаните земаше онолку, колку му беше потребно, да би можел да живее тој, неговиот харем и неговата пратња. Повеке од тоа, тој не можел да зема, нити можел да го продаде, нити можел да го тезаурира. Подоцна, тој добиените производи во натура, може да ги продаде на тржиштето и парите да ги тезаурира во неограничена мерка. Од друга страна, апетитите на разни спахии, бегови и аги станат се поголеми. Тоа од своја страна предизвикуе зголемуење на данокот над рајата. Сега тие почнуат да ја пљачкат рајата на еден безобзирен начин. Да би ова можеле да го спроведуат што поефикасно и полесно, тие почнуат спахиската земја да ја претворуат во беговска земја. При спроведуењето на ова настануат крвави сукоби. Беглерските односи во Македонија настануат: 1) Со претворуење на спахиската земја во беговска; 2) Со запоседнуење на земјиштето од страна на спахиите, беговите и агите, земјишта, кои биле напуштени од селството и 3) до тогај слободни села од теророт на разни башибозлуци и крџалии биват принудени да ги признаат беговите како свој господари, кои ке ги штитат од разните неодговорни банди. Тоа се грубите форми под кои настанале беглерските односи.

Од друга страна, селството настојуе да ја запази својата земја, настојуе на беговите спахиите и агите да им даде што помалку производи, оти исто така се зголемуат и неговите потреби. Се создава возможност селанецот да продава на пазарот и добиените пари сака да ги чува. Настануат остри сукоби околу земјата. Селството одговоруе на безобзирната пљачка на беговите, спахиите и агите со оружен отпор. Тоа ја брани својата родна грутка, својот дом и своето опстануење. Прочуени се востанијата околу Лесковец, околу Куманово, Порече кај Прилеп, околу Ресен и Охрид, околу Воден во солунскиот и во серскиор вилајет. Покрај овие локални востанија имаме хајдучење по цела Македонија, каде Македонци осветници со пушка се светат за неправдите, што ги чинат беговите и агите. Мегју хајдутите и нивните арамбаши има и

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0).
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

жени, како што е прочуената војвода Илинка во охридскиот крај, која со успех води борба при беглерите.

Овие нови економски сукоби исфрлуат на позорницата на политичкиот живот нови маси и нови сили, кои порано не участвуеле во борбата. Сега селството стапуе на позорницата на политичкиот живот и почнуе да играе главна улога во борбата за национална слобода. Така националното прашање стануе сега во својата сашност и селско прашање оти, во борбата за урнуење на отоманската империја и за националното ослободуење на Македонците, за решуеньето на аграрното прашање, длабоко е заинтересирано селството на Македонија. Затоа селството и постануе главна сила во борбата за националната слобода на Македонија. Селството е грбнакот на македонскиот народо-ослободителен покрет. Тоа е, со еден дел од буржуазијата, занаетчиите, нарочито ситните занаетчии, интелегенцијата, организатор и главна снага на народноослободителниот покрет во Македонија кој сега почнуе систематска организација на македонскиот народ, да би плански ја продолжил борбата против отоманската империја. Спонтаните акции се заменуат со планско раководство во борбата.

Навлегуејки во Македонија, капитализмот ја разби феудалната расцепканост, изолираност и така Македонија ја спои во единствена и самостојателна економска единица, која се развиваше одвоено од Србија и Бугарија. Таа не само економски, туку и политички и културно живееше со одвоен, посебен и поинаков живот, отколку што живееја Бугарите во Бугарија, Србите во Србија или Грците во Грција. И кога основните македонски маси, селството, биват изведени на позорницата на економскиот и политичкиот живот, тие сега со една стихиска елементарна сила влијаат и дават свој пооделен печат на понатамошниот развој на специфичниот македонски живот, во политиката, економијата и културниот развиток на македонското друштво. Нивните барања за политичка слобода, за решуење на аграрното прашање, за подобар социален и културен живот, сега почнуат да влијаат обратно на свеста на широките народни маси, тие да ги разликуат своите посебни интереси од интересите на бугарскиот, српскиот и грчкиот народ, како и од интересите на беговите и на владичката турска нација. Оваа свест со време стануе еден мокјен материален фактор. Македонската интелегенција која се учеше во бугарските, српски и грчки училишта и чии мозоци нивната идеологија ги притискаше како мора, дојде во сукоб со новата реалност, која настана во Македонија. Независно од нивната волја и нивните разбирања, воспитање и култура, овој објективен развиток во Македонија постануе се подоминантен.

Во историјата економските преврати идат често побргу и порадикално ја менуат стварноста на друштвото, отколку што се менуе идеологијата на лугјето. Но сепак, со време идеологијата се измируе со стварноста и почнуе да ја изразуе таа новонастаната стварност. Таков е случајот и во Македонија. Интелегенцијата мораше или да ја разбере таа промена и новата стварност и со неа да се измири, или, ако не ја разбере да биде од неа прегазена. Онаа интелегенција, која му остана верна на народот и која била поврзана со народот, започна да ја разбира таа стварност и на еден или друг начин да ја оформуе и изразуе во своите книжевни или политички работи, формулирајки ги политичките и економските барања на македонскиот народ, додека другите, кои не сакаа да

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“- Скопје

ја разберат таа стварност и кои ги прекинаа сите врски со македонскиот народ, се претворуат во носители на туѓи интереси и нивните завоевателни политики спрема Македонија.

Овие новонастанати прилики најдобро се изразуат во програмот на македонскиот национален покрет, веке кон крајот на деветнаестиот век. Уставот, кој го изработија Гоце Делчев и Ѓорче Петров, јасно го формулиса барањето на македонскиот народ за негова национална слобода. Овој Устав подоцна е преработен на Рилскиот конгрес 1905 година. Рилскиот конгрес по своето историско значење е еден од најважните политички собития во историјата на македонскиот народ, оти на него беа застапени сите делови на Македонија преку своите вистински претставители водачи, и организатори на македонскиот народ, како што биле Даме Груев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Јане Сандански, Черноеев, Томов и други, кои се изберени на најдемократски начин од месните, срески и окружни конференции и по тој начин ги изразуеле тежненијата и барањата на целокупниот македонски народ.

Во член 1 од Уставот се говори: „Внатрешната македонска революционерна организацја има за цел да ги соедини во една целина сите недоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност за извојуење на полна политичка автономија на свите две области". Цитирано спрема книгата на Хр. Силјанов „Освободителните борби на Македонија" книга втора, страна 393). Во овој член јасно дојдуе до израз барањето на македонскиот народ за автономна и самостојателна Македонија. Македонскиот национален покрет, изразуејки ги интересите на македонската нација и заштитуејки ги правата на својот народ за политичка самостојателност и слобода од пљачкашките апетити на империалистичките завоеватели и нивните експоненти на Балканот, Бугарија, Србија и Грција, енергично стана против сите нив и јасно го изрази тоа во член 2 од Уставот: „Организацијата се супроставуе на сите опити за делба и освојуење на овие области од било која држава". (Исто, страна 393).

Македонскиот народ смета, дека неговата слобода може да се извојуе единствено со кутнуење на ориенталниот апсолутизам и тиранијата и со спроведуење до крај на демократска револуција во Турција. За спроведуење на ова, тој ги мобилизира не само Македонците, туку и сите останати угнетени и демократски сили во отоманската империја, па и Турците. Демократичноста и ширината на македонскиот покрет јасно произлегуе од член 5 на неговиот Устав: „Член на ВМРО може да биде секој, кој живее во европска Турција без разлика на пол, вера народност и убедуење" (Исто, страна 393).

За извојуењето на својата слобода македонскиот народ ги ползуеше сите возможни средства на борбата како легалните, така и илегалните, сметајки дека извојуењето на слобода за Македонија може да са спроведе единствено со револуционерна борба и насилно кутнуење и уништуење на турската власт и нејзините феудални господари. Во Уставот член 3 зборуе: „подигајки го револуционерниот дух и свеста на жителите и употребуејки ги сите средства и напори за што побрзо истовремено наоружуење на жителите со сето што е потребно за едно општо сенародно востание, таа се грижи за културното и економско издигнуење на организираното жителство и ја поможуе легалната борба против турските власти" (исто, страна 393).

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

Решењата на Рилскиот конгрес на еден прост и единствен начин ги изразија и формулисаа барањата на целокупниот македонски народ за неговата слобода, независност, подобар и посрекјен живот и заради тоа, решењата на Рилскиот конгрес се решења на целокупниот македонски народ.

Со понатамошното развитие на политичкиот и економскиот живот во Македонија, биват привлечени и активизирани се пошироки народни маси, нарочно после ташките и крвиви борби како што е Илинденското востание, политичките борби околу разни реформи, избори за парламент итн. Овие борби политички го школуат македонскиот народ и се појасно ја кристализираат во широките народни маси неговата национална свест. Ова веке јасно го изрази еден од водачите на македонскиот народ, Јане Сандански. „Јане ја разви тезата дека е катастрофално за македонското жителство, а и за самата Бугарија, ако македонското прашање се третира во смисол на национално соединуење со Бугарија и дека лугје со друго направление се продадоа на бугарската влада. Секој кој агитира било во Македонија, било надвор од неа на базата на ослободуењето и соединуењето со Бугарите, треба да биде дочекан непријателски од ВМРО, исто така како што се дочекуат организациите на српските и грчките организации и чети. Тој (Јане) објаснуе во општи линии, дека треба да се работи на општи линии *за будењето на свеста во масите, дека се самостоен народ, дека имаат право на слободен живот и дека треба да се борат, како би извојуеле своја слобода, не опирајки се на тугја помош поради тоа, што тие кои би дошле да го ослободат, ке дојдат во сашност да го поробат*". (исто страна 498, подвлекол пишуачот). Од горе цитираното јасно се гледа, дека Јане Сандански зборуе за македонскиот народ, за неговата различност од бугарскиот и останалите балкански народи.

Оспоравајки ја македонската нација, поменатите господа повеке пати се повикуеја на македонската емиграција и на некои Македонци, кои се изјаснуат како Бугари. Тоа истото го прават големогрчките теоретичари, а тоа го чинеа и големосрпските теоретичари Порано видовме, дека некои Македонци под влијанието на егзархиската политика нарочно на бугарските училишта и бугарската култура, се бугаризираа, други под влијанието на српските училишта и српската пропаганда се србизираа, а трети под влијанието на грчките училишта и грчката пропаганда се грцизираа. Тие станаа градители и пропагатори на големобугарските, големосрпските и големогрчките разбирања во македонскиот народ (Сарафов, Соколович, Мелас и др.), па спрема тоа тие не се претставници на македонскиот народ, нити бранители на негова слобода и равноправие, уште повеке тие водеа една политика и настојуеа македонскиот народ да биде денационализиран, поробен и уништен.

Ние знаеме, дека во вишиот стадиум на развитието на капитализмот започнуе процесот на раселуенето на нациите, процесот на одвојенето на низа групи од нацијата, кои одат на печалба во разни земји, како би се исхраниле самите себе си и својата фамилија. А во Македонија е и тој случај, да од теророт на турците, грците, големобугарите и големосрбите бегаа и емигрираа илјади и илјади македонци, како во разни балкански земји, така и во целиот останат свет (Америка, Австралија). Оваа емиграција ги гине старите врски, а придобива на новото тло нови, така да

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје

од колено на колено прима нови обичаи, морал и вкус, а добива дури и нов јазик, па така сосема го менуе својот национален характер.

Таа емиграција и тие денационализирани македонци, кои се залагаа за една политика против интересите на македонскиот народ, а за завојуене на Македонија, било од страната на големобугарите, големосрбите или големогрците, ги издаваа интересите на својот народ и ја бранеа империалистичката завојуачка политика на дотичните земји спрема Македонија. Тие настоеја македонскиот покрет да го уништат или да се доберат до него и го спрегнат со цел да ги остварат интересите и завојувачките политики било на Кобурзите, било на Карагјоргјевичите било на Хоенцолерните. Македонскиот народ со сите сили и средства се бореше против нив. Така уште Рилскиот конгрес сосема јасно ја формулира борбата против бугаризирање од егзархатот говорејки: „Сите појави во делата и постапките на егзархатот и неговите органи, кои са вперени во духот ня бугарскиот државнички национализам, ги смета за штетни во нејните барања и им се противставуе“ (Исто страна 518). Таа многу го осудуе „врховизмот“, грчката и српската пропаганда и нивните чети, сметајки ги како орган на соответните влади и агенти на соответната илегална борба, а нивната работа вперена против целта на Организацијата. Како такви таа ке ги брка со сите свои сили и средства од следните причини: а) што тие се орудиее на државата и владата, која бара освојуење на територијата на самата Организација; б) како такви тие се против автономијата на Македонија и Одринското; в) го кинат населението и со самото тоа му ја намалуат снагата и борбата со турците, убиваат невини лугје, за кои е Организацијата должна да се грижи и да ги чува, дејствуат здружени со турските власти“ (страна 390 исто). Заради тоа таа со сите се бори, Организацијата да ја сочува својата самостојателност и ова свое барање да го подигне на степен на принцип

Свидетели сме и денес како извесни делови од емиграцијата во Бугарија говорат дека книжовен македонски јазик не постои, туку дека е тоа расипан српски јазик, а други во Србија говорат дека е тоа расипан бугарски јазик. Едните и другите го одрекнуат правото на македонскиот народ за слобода, ја одрекнаут неговата Република, неговиот политички културен развиток. Јасно, е дека овие делови на македонската емиграција немаат ништо заедничко со македонскиот народ, дека тие не ја изразуат волјата и интересите на македонскиот народ, туку и понатаму задржуат еден непријателски, шовинистички и завојувачки став спрема македонскиот народ.

Но, од друга страна треба да му оддадеме признание на оној дел од македонската емиграција, како во Софија, така и во Америка, во остатиот свет, која не само што го симпатизира македонскиот народ и со својата волја стои со него, туку го поможуеше и го поможуе развитието на македонската Рупублика и напредокот на својата татковина за еден поарен и посрекјен живот. Тие се навистина синови на Македонија и нив ги врзуат илјадници невидливи нишки со македонскиот народ.

Со освојуењето на Македонија и со нејната делбе помегју Бугарија, Србија и Грција во втората балканска и првата империјалистичка војна не само што не е решено македонското прашање, туку напротив уште повеке изострено. Империјаличкото освојуење и угнетуење, денационализаторскаата политика на империјалистичките завојуечи, забраната на македонското име, забраната на секаков политички живот, прекрстуењето

Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје

на македонците во „Јужносрбијанци“, „Стари елини“ или „Б'лгари од Македонија“, нивното истребуење, масовно прогонуење од нивната земја во емиграција в Америка и Австралия, безогледната стопанска колониална плачка, забраната на македонскијот јазик и култура, на македонските песни, го доведоа националното угнететуење на македонците до врв. Ова не доведе она што го исчекуеа империјалистичките завојуачи до ликвидацијата на македонската нација и нејното асимилованье, туку, напротив, до се поголема политичка активизапија и до уцврстуенье на нивната национална свест, до засилуеньето на борбата на македонскиот народ за неговата слобода. Македонците под Грција и под Бугарија и под кралството Југославија се бореа за својата слобода, за признаванье на своето налионално право, т. е. за самоопределуенье и рамноправност. Тие таа борба ја водеа на севозможни начини, од илегалните летци, весници и брошури до разни стопански и политички борби. Така македонскиот народ во периодот после првата империјалистичка војна ја поврзуе својата борба со борбата на демократските маси од Србија, Бугарија и Грција. Македонските синови, продолжуејки ја борбата на своите славни претци, ги полнат занданите и пред разни изванредни судови не се устручаваат, да со презрение му довикнат на завојуачот, дека Македонија е поробена и дека тие се синови на својот македонски народ, кој се бори за своја слобода и дека ке се бори се до тогаш, додека не биде извојуена. Под империјалистичко угнетуенье, продолжуејки ја својата борба, македонскиот народ, со успех продолжуе да ја изградуе својата специфична национална култура на свој македонски јазик. Не е случајна појавата на песните на Кочо Солев — Рацин во Југославија и на Венко Марковски во Бугарија. Но, реакционерите и во Софија и во Белград ги пречекуат со презрение и подсмев. Колку има слично во борбата на овие Дон-Кихотовци против литературата на македонскиот народ со фанариотите, кои при крајот на осумнаестиот и во началото на деветнаестиот век ги исмеваа првите бугарски и српски писатели, ругајки им се дека овчарскиот српски и бугарски јазик е неспособен за книжевни творби.

★

Во овој краток преглед настојавме да прикажеме како настана македонската нација како и сите останали нации во една определена епоха во епохата на капитализмот. Процесот на распагјањето на феудализмот и истовремениот развиток на капитализмот, ги доведе лугјето да се обединат во нации, да се формират нации. Така беше во западна и источна Европа, така беше и на Балканот. Таков е случајот и со Македонија. Но поради тоа, што македонската нација настануе во доцниот капитализам, а национално-ослободителното движенње се распламтуе во периодот на империјализмот, кога буржоазијата ги издава интересите на нацијата и води сметка единствено за своите тесни класни интереси, така и македонската буржоазија верна, на својата класна политика, ги издава интересите на својата нација, за да би ги запазила своите класни интереси. Таа сега, не само да не е хегемон во национално-ослободителното движенње, туку носител на противонародната завојуачка политика спрема Макадонија. Македонската буржоазија порано соработуе со големосрпските хегемонисти, а за време на војната со германските и бугарски фашисти и сесрдно ја поможуе нивната окупација и борбата против македонското народноослободителното движење. Сега ролјата на хегемонија

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“- Скопје

превзима младата работничка класа со интелигенцијата, која потечуе од селството и занатчиите. Тие се носители на македонската нација, на нејната борба за слобода и афирмација. Под нивното раководство македонскиот народ ја доведуе борбата до успех, до оствареуењето на македонската државност, до создавањето на Република Македонија.

★

На развитието на македонската нација гледаме, да во разните периоди на македонското национално движење *довагјат до израз разни црти, кои са карактеристични за нација воопшто.* Во барањето на школи, во културна и црквена автономија, довагјат до израз прашања за националниот јазик и националната култура, која треба да ја изрази специфичната македонска психичка конституција, „македонскиот национален карактер". Во барањата на политичка самостојателност и слобода, и во решителното противставање на освојуењето и поделбата на Македонија од страна на бугарските, српски и грцки завојуачи јасно довагја до израз прашањето за национална територија, која го опфакја и самостојателниот стопански живот на целата македонска нација.

## III.

Разните псеудонаучни теории и приговори на теоретичарите на големобугарскиот шовинизам и на завојуачката политика, кои порано ги разгледавме само се основа од која би можеле да го нападнат денешното решение на македонското прашање. Тие викат на полн глас како прашањето на македонскиот народ е решено на неправилен начин. Тие велат „дека за вољата на самите македонци никој не праша, принципот на самоопределуењето никој не го примени", (Преспански во статијата „Македонската дејствителност", „Знаме" од 22 октомври 1945). „... Да прашањето на Македонија не може да се схвати за решено во тесната линија на освојуење и хегемонија". „Населението на Македонија не е консултовано, принципот на самоопределуење не е применет, да би се одредила вољата на народот, каква е и каде сака да биде" (Пастухов, во статијата „Патот на разбиралство" во весник „Слободен народ" от 18 октомври 1945) и т. н. и т. н.

Најмалку имат право да зборуат за начинот на решуењето на македонското прашање и като е тоа решено, хитлеровските џандари и окупатори на македонскиот народ. Македонскиот народ не чекаше на разни господа Пастухови, Преспански и други за да му го покажат тие „спасоносниот пат" за решуење на прашањето на неговата слобода и на применуењето на правото за самоопределуење и рамноправност, туку долга низа години се бореше за тие принципи и својта слобода, токму против тие исти господа. Тој не чекаше тоа право тие да му го дадат, туку со пушка во рака во помош на своите бракја од Србија, Црна Гора, Хрватска и Словенја, и со останалите антифашисти заедно, го извојуа.

1941 година Хитлеровските и бугарссите банди ја окупираа Македонија и и наметнаа нечуен во историјата терористичко-фашиски јарем. И денеска некои господа имаат смелост да го бранат овој фашиски јарем тврдејки, да „таа (се мисли за Бугарија — забелешка на авторот) не и објауела војна ни на Грција, ни на Југославија, туку *само управуеше со некои територии на тие држави*, што месното население повеке го

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
*Съюзът на Българските конституционни клубове в Турция* представляваше партийна формация, изразяваща политическите стремежи на подведомственото на Екзархията население на европейска Турция и преди всичко интересите и стремежите на търговското съсловие, на екзархийската интелигенция и на националистическата десница във ВМРО. Тая формация бе дело на ония среди, които стояха на чело на поменатата националистическа десница и бяха под най-силното влияние на българското правителство и дворцовата клика в България. Тъкмо поради това обстоятелство, като главен организатор и ръководител на тая партия се яви лице, доверено на Фердинанда Кобургски и на българското правителство, царският чиновник *Тома Карайовев*, при най-близкото сътрудничество на прононсирани върховисти, като д-р Руменов, д-р Владов, Матей Геров, Н. Ризов и други. Отношенията на Т. Карайовев към ръководните политически среди в София бяха известни на делегатите на конгреса, но тъкмо тия отношения бяха за поменатите делегати сериозно основание да го изберат единодушно за председател на конгреса, а след това и на съюза, или за шеф на партията.

Средите, от които излязоха българските конституционни клубове, следваха от по-рано една политика, която бе в разряз с политиката за реформиране, възраждане и окрепване на турската държава и която целеше обособяването на Македония и нейното по-нататъшно включване в границите на българската държава. За постигане на това бе нуждно не реформиране и възраждане на Турция, а тъкмо обратното — пълното проваляне на нейното възродително дело.

По тия причини поменатите македонски среди заеха спрямо младотурското движение още в самото му начало, когато то се проявяваше като зараждащо се революционно движение, едно отрицателно становище. В бележките-спомени (неиздадени още) на Хр. Матов, предетавител на ВМРО в София в предвечерието на младотурския преврат, четем следните характерни редове:

„През декември 1907 год. наши, арменци, Гр. Василев и др. ме увещаваха настоятелно да ида или да пратя делегат в Париж на конгреса, устроен от Ахмед Риза. (Каниха ме с писмо и телеграфически). Говорех в смисъл:

„а) Ние искаме автономия; нямаме интерес да се присъединяваме към ония, които искат възраждането на Турция. Едно наше присъствие там би повредило на тенденцията да се разшири реформената акция до

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

логическия край. И старотурци, и младотурци, и европейци ще се възползуват от това против нас.

„б) Аз бях против съюзяване с арменците на почвата на положителни искания: с това понижаваме и усложняваме нашия напреднал македонски въпрос и ще накараме Русия да се стъписа назад (или поне да не крачи много напред).

„С арменците и дори с младотурците можем да се разбираме само на разрушителна почва: и те и ние вършим действия, които подкопават авторитета на турската власт."

Националистите-обединисти намираха, че трябва да държат здраво за старите форми и методи на борба, защото тъкмо тая тяхна борба могла единствено да предизвика реформената акция, да я тласка напред, и разкривайки пред турската военна и гражданска интелигенция опасността от автономизиране на Македония, да предизвика и наложи самия младотурски преврат. Сега голямата мъдрост, според тях, се състоеше в това, да се тласнат събитията не по линията на общото реформиране на държавата, а по стария път — компрометиране на държавната турска власт и продължаване на по-нататъшното обособяване на Македония и подготвянето на нейното присъединяване към българската държава. Самото слизане на четите в градовете, разформируването им беше за поменатите националисти крайно нежелателно, като явно нецелесъобразно.

„По време на хуриета — пише Хр. Матов в цитираните по-горе негови бележки-спомени — ние, неколцина решихме да не слизат четите и за тая цел пратихме веднага с пушки П. Ацев и П. Чаулев — да спрат слизането. Не се сполучи, защото с Битоля не можахме да се разберем, Сандански по свои лични съображения, излезе с другарите си още първия ден, Чернопеев — след 2—3 дни. Аз отидох в Солун да спра да не се разтуря организацията изобщо и да не се предаде оръжието, па макар и да са слезли четите. *Така и стана: до отварянето на парламента официално съществувахме като революционна организация, подире — тайно, докато пролетта на 1910 год. вече излезе на бяло* (к. н.)."

Ако националистите-обединисти се заеха с организиране на конституционни клубове, това им се наложи с голяма необходимост от новите условия. Липсата на техни конституционни клубове не можеше да не бъде от полза за младотурските клубове, открити за всички отомански граждани, а още повече щеше да бъде от полза за Народната федеративна партия. От първостепенно значение за ръководните среди на Съюза на БКК бе именно да се направи невъзможно закрепването и развитието на Народната федетативна партия. Борбата, която водеха тия ръководни среди срещу поменатата партия, макар и повечето интригантска, подмолна, бе тъй непримирима, каквато бе и тяхната борба против самата турска власт.

* * *

Нека сега се спрем по-подробно върху състава, ръководството, програмата, средствата и методите на борба на Съюза на БКК.

Посочихме какви основни тежнения изразяваше тоя съюз и кои главно среди представляваше. На учредителния му конгрес открит на 7 септември 1908 година в Солун, бяха представени 42 клуба, почти изключително градски, 7 от които бяха от Одринска Тракия. Тия 42 клуба бяха представени от 81 делегати, от които 35 учители, 21 търговци, 3

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

свещенници, 3 студенти, 2 земеделци, 4 лекари, 2 адвокати, 2 чиновници, 1 занаятчия, 1 журналист, 1 съдия, 1 банкерин, 1 книжар. В разискванията на конгреса особено активно участие взеха, освен Карайовев, следните лица: Панчо Дорев, Д-р И. Бомболов, Св. Добрев (учител — широк социалист), Д-р Владов, Д-р Руменов, Н. Ризов, Сребрен п. Петров, Ю. Кусев, Т. Павлов, С. Тилков и др.

Зад тия легални политически деятели стояха техните вдъхновители и по-висши ръководители от ВМРО, начело с Хр. Матов и неговите най-близки сподвижници, един от които (Т. Лазаров) бе избран за член в ръководното тяло на съюза.

Каква роля играеше Хр. Матов през времето на Бълг. К. К., е посочено много вярно в следния пасаж от неговите бележки-спомени:

„През декември 1909 г. Тодор Лазаров в писмо (пратено от Лейзен, дето бе на лечение), ме наричаше *„душата на революцията“*. Действително, година и пол-две от хуриета насетне на сички наши, па и не наши, очите им бяха обърнати към мен като най авторитетно и най влиятелно лице. Кога как да поведем и открито (не тайно) революционната дейност, решавахме, вътре бидейки, главно четирмата с Тодор Александров, Тодор Лазаров и д-р П. Кушев.“

Програмата на Съюза на БКК бе за времето си крайно демократична. В нея най-широко бе прокаран, в името на „истинския“ отоманизъм и общия държавен напредък, принципът на националното самоопределяне. Националният сепаратизъм на партията бе прикрит зад крайно демократичния отоманизъм. По тоя начин Съюзът на БКК се надяваше да спечели подръжката и на демократичните слоеве и среди на подведомственото на Екзархията население в Турция, а същевременно да издигне пред властвуващата младотурска партия такива искания, които тя далеч не бе в състояние да възприеме, а още по-малко да задоволи. По тоя начин се съдействуваше косвено да се очертае тая партия пред масите като крайно консервативна и служаща единствено на агресивния и подтиснически турски национализъм.

Своето главно искане Съюзът формулира в следната специална, възглавяваща програмата му, декларация:

„Българските конституционни клубове, като имат за основен принцип запазването целостта на Империята, и предвид:

а) Идеала, щото нейните членове да бъдат граждани на една силна държава;

б) че механическата асимилация на народите, населяващи една държава, е не само невъзможна в началото на двадесетия век, но е и против напредъка на културата и цивилизацията;

в) че езикът, а следователно и народността в широкото проявление на нейната самобитност са един от основните елементи на тоя напредък;

г) че географични, економични, културни и административни нужди налагат една промяна на сегашното административно деление в смисъл на групиране хомогенните етнични елементи, без обзор колко вилаетски единици ще съставят те, Българските Конституционни клубове намират необходимо да поставят като максимална точка на своята програма:

*Групирането на отделните етнични елементи в административни единици с местно самоуправление в духа на 108 чл. от конституцията.*“

Ето и останалите програмни искания:

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје

„§ 1. Ревизия на сегашната конституция върху базата на народния суверинитет:

а) Всеобщо, пряко и тайно гласоподаване за всеки поданик от 20 години нагоре;

б) Парламентарна законодателна инициатива;

в) Пълна и солидарна министерска отговорност пред законодателната власт;

г) Реорганизация на сената в следната смисъл: числото на сенаторите не трябва да превишава третата част на депутатите; една трета от сенаторите да се назначават от султана, а другите две трети да се избират от народа за едно определено време;

д) Пълна свобода на убежденията, словото, печата, събранията и сдружаванията.

§ 2. Самоуправление на общината, като първа административна единица с право да се грижи:

а) за гарантиране личната безопасност и имота в своя район;

б) за общото задължително образование;

в) за подобрение на съобщенията;

г) и за всички нужди от местен характер.

§ 4. Изборни съвети с постоянни комисии и за по-горните административни единици.

§ 5. Обща съкратена режионална военна тегоба.

§ 6. Образование на матерен език. Основно изучаване на официалния език на държавата в националните средни учебни заведения. Свършившите тези училища ползуват се с еднакви права с ония, които свършват държавните училища.

§ 7. Основното образование е задължително, безплатно и трае шест години. Държавата отделя съответната част от данъка за просвещението за издържане основните народни училища.

§ 8. Правата на отоманските българи в религиозно и културно отношение, спечелени по силата на държавните актове, произходящи от върховната и изпълнителна власт, се запазват.

§ 9. Официалният език на Отоманската империя е турския. Всякой отомански поданик има право да подава заявление на своя език до всички държавни учреждения, изключая Касационния съд и министерствата.

§ 10. Резолюциите на учрежденията, разните разпоредби и законите на държавата се публикуват на официалния език и на езика на болшинството.

§ 11. Всички граждани, включително и административните чиновници са подсъдими на обикновените съдилища.

а) Общ закон за всички граждани по завещанията и наследствата;

б) Класифициране на земите на „собствени и вакъфски;

в) Жури за криминални и политически престъпления и за дела по печата;

г) Учредяване навсякъде мирови съдилища с по-широка компетентност.

§ 42. Снабдяване с земя селяните по начин лек и справедлив за държавата и селяните.

§ 13. Създаване евтин и бърз кредит.

§ 14. Равномерно разпределяне на данъците и реформирането им.

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

§ 15. В държавните предприятия за напред няма да се допускат концесии.

§ 16. Създаване на модерно обществено законодателство".

Докато в тая програма се застъпваха повидимому задоволително националните позиции и просветно-религиозните правдини на подведомственото на Екзархията население, по чифлигарския въпрос, засегащ най-болезнено огромната част от това население, бяха предявени твърде умерени искания и на самия тоя въпрос съвсем не бе дадена оная преднина, която той заслужаваше. Турската тирания бе намерила своята най-тежка, най-непоносима и най-позорна форма в съществуващите в Македония чифлигарски порядки. Това зло обаче не интересуваше толкова много екзархийската интилегенция, колкото я интересуваше борбата за черкви и гробища. Все пак Съюзът на БКК не можеше да не се занимава и с аграрния въпрос и да не предвиди искание за даване земя на безимотното селско население, още повече че Народната федеративна паргия бе подела енергично тоя въпрос. Нежелейки да поставят центъра на тежестта на своята програма върху икономическите аграрни отношения и стремейки се в същото време да минат за демократични и прогресивни, политиканите от БКК намериха една формула, която да задоволи всички и да отговаря на принципа: и агнето живо и вълкът сит — „Снабдяване с земя селяните по начин *лек и справедлив за държавата и селяните* (к. н.)". След потушаването на контрапревратa на Хамида през пролетта 1909 г., централното бюро на съюза води преговори с младотурците. В тия преговори бюрото предложи по аграрния въпрос следното искане: „Подобрение положението на бездомното селско население чрез основаване на една селска банка, целта на която ще бъде, да улесни последното за копуване на земи."

Специални резолюции бяха взети на учредителнтя конгрес по следните големи въпроси на деня: по заграбените и невърнати имоти при въстаническите акции през 1902 и 1903 год.; за опрощаване на закъснели данъци от последните 4—5 години, които държавата почваше усилено да събира; по възстановяване правото на населението върху спорните черкви, училища и манастири, заграбени или затворени след възстанието от 1903 година; за освобождаване неосвободените още политически затворници и заточеници; за възстановяване правото на учителствуване за всички учители, лишени от това право по политически причини и др.

Особено голямо ораторско разточителство бе проявено на учредителния конгрес на БКК по адреса на турските ръководни среди, с видимото желание да бъдат те убедени, че в лицето на съюза имат най-надеждна опора на отоманизма и общодържавната сигурност, при едно условие обаче — да бъде провеждана една политика на демократизъм, на истинско равенство и братство между отделните националности и главно на национално самоопределение и осигуряване на всяка националност възможност да се развива стопански, културно и политически. Всичко това отговаряше толкова на истината и действителните стремежи на поменатата политическа партия, колкото и уверенията на младотурците, че е настъпила нова ера на братство, единство и напредък.

Вторият конгрес на БКК бе открит на 20 август 1909 г.

От отчета, даден пред конгреса, се вижда, че през течение на първата година числото на клубовете се е увеличило от 41 на 137 — с 13.

Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

градски и 96 селски, от които 3 градски и 27 селски са в Одринска Тракия. В Македония имаме основани селски клубове: в Кукушко 18, в Петричко 9, в Малешевско 4, в Дойранско 4, в Леринско 4, в Кайлярско 4, във Воденско 2, Гевгелийско 2. В градските центрове на Македония липсват клубове в Мелник, Драма, Мехомия и Костур. Общото число на членовете достига цифрата 9614 д. Партийният орган в. „*Отечество*“ излиза два пъти седмично и се печати в 2700 екземпляра. Абонатите му в Македония и Одринско възлизат на 1579, а в България на 848. В Солун на ръчна продажба се харчат 60—90 броя, а в провинцията „почти никак“. Главен редактор на вестника е Е. Спространов, а негов помощник Данаил Крапчев, а после Матей Геров.

Вторият конгрес разисква нашироко по изминалата отчетна година. Предмет на разискванията е главно политиката и дейността на властвуващата младотурска партия. С убедително красноречие и категорични факти се доказа, че новият режим върви по старите хамидовски пътища; че нищо съществено не е променено; че разочарованието от новия режим е дълбоко и всеобщо. Едновременно с това се подчертава желанието на Съюза да работи в разбирателство с правителството за омиротворението на страната и за провеждането на спасителния за държавата демократичен отоманизъм. В подкрепа на искреното и лоялно отнасяне на съюза към турската държава се посочват следните факти: протестът на съюзните клубове срещу прогласяването на българската независимост и анексията на Босна и Херцоговина от Австро-Унгария, „коректното“ държание на Съюза през време на хамидовския контра-преврат и проявената готовност на неговите членове да пазят с оръжие новия режим.*)

Съюзът на БКК разви по инструкции от София и с български средства доста оживена дейност по изборите за парламента, по изборите за градски и вилаетски съвети, а също така във връзка с посочените по-горе големи въпроси на деня. Той все пак не можа да стане една масова народна партия. Причина за това бе неговия състав, неговото ръководство и господствуващите в него интереси. По основната си политическа насока тая партия се оформи като застъпница на хегемонистичния български национализъм и то в противовес на федералистичното демократично движение в Македония, представлявано от Народната федеративна партия, прояви се като партия по същината си антинародна.

Както младотурците не можаха да заблудят никого със своя реакционен отоманизъм, тъй и Съюзът на БКК не можа да прикрие своите национално-сепаратични и реакционни стремежи зад привидния „демократичен отоманизъм“. В острото сблъскване между тия две националистически течения, естествено бе Съюзът на БКК да претърпи поражение. Той загина под ударите на реакционния закон за сдруженията, забраняващ политически групировки на национална база. Неговите ръководни лица не направиха опит да избегнат тия удари на закона, като дадат един отомански колорит на своята програма и своята организация, както бе направила Народната федеративна партия, която също така бе партия на една националност, но се смяташе като секция на обща, отоманска партия, която трябваше да бъде изградена. Разтурянето на Съюза на БКК от страна на властта отговаряше в голяма степен на стремежите

*) Дневници на Бълг. конституционни клубове, Солун, 1910 г.

Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје

на нейните ръководни фактори и особено на стремежите на неговите вдъхновители от рода на Хр. Матов и близките му сподвижници от ВМРО. С това разтуряне на легалната политическа организация трябваше да се внуши на народните маси, че и при новия режим липсват условия за легална борба, че нова Турция не се различава от хамидовска Турция и че неминуемо трябва да бъдат турени в действие изпитаните вече средства и методи на нелегалната борба.

Какво представляваше Народната федеративна партия и как се прояви тя — върху това ще се спрем в следната кн. на „Македонска мисъл".

---

Блаже Конески

# Нашата народна поезийа како одраз на внатрешното револуционерно движение

Илинден не даде поет.

Од нашата градска интелигенцийа, која беше участник во револуционерното движение, излегоа неколку песни што денеска некой ги мислат народни, ама што лесно се познават от народните, не само поради „че" место „оти" во нив, току и поради свойата рапавост и посретственост.

Тоа што не се йави тогаш нашата литерарура сведочи во прв ред за недоволната национално-културна избистреност на самото движение. Движението беше во свойата сашност, во своите корениe, во свойата историска обусловеност, движение за националното обособуенйе на македонскиот народ, но тоа тогаш на идеолошко поле уште не стигна до таму да йа изнесе йасно потребата за создаванйе и развиванйе свойта самобитна национална култура, за создаванйе и развиванйе, за прв ред, свойа литература на свой йазик. От таде неактивноста на тоа поле, една од основните слабости нн движението.

Но затоа, от друга страна, во народот, во тие слоеви што главно йа крепееа организацийата и што го изнесоа на своите плекйи и самото Илинденско востание, правите наши борби за националната слобода, найдоа свои полн и силен поетски израз.

Основната маса на движението и наймногу заинтересирана во него по свойата положба, беше селанството. А селанството е секогаш вистински народни певец.

Нашата народна поезийа, тоа што е во неа создадено од поново време, ни дава достатачно материал да го преследиме по неа буденйето на нашиот народ во XIX век, бистренйето на свеста негова за задачите што го чекаат, за патот како ке се откине той од ропството.

Песната за Кузмана Капидан, на пример, е во таа смисла еден извanреден докумет што ни предлага не само реална слика за односите мегйу турците и райата во една многу оригинална опстановка при Джеладин бега, туку, уште повекйе — дека ни овозможуе да забележиме нешто ново што се порагйа во нашиот народ и што е предзнак за неговиот понатамошен развиток како што го знаеме ние денеска од нашата историйа. Не е случайно што името на Кузмана и песента за него, во

Блаже Конески е началник на отделението за култура и искуства при Министерството на народната просвета на Н. Р. Македония.

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

различни варийанти, се разнесла по сета Македонийа. Не е случайно и тоа, што нашиот певец, обично лирски краток, создава цела поема за подвигот на Кузмана, како и тоа што малку попосле Глигор Прличев го обработи во „Сердарот" истиот мотив. Можеме да си преставиме што значило тогаш пред стотини и повекйе години, да излезе од поробениот народ човек како Кузмана, повелник — што очистил еден цел край од насилниците и йа заштитил райата. Четата на Кузмана беше само од нашинци, од наши селани, избрани од него по йунакство во дебарчанските села. Певецот не заборава да каже дека тие не се ни на Турска плакйа. Йасно е тогаш дека борбите на Кузмана со дебарските разбойници йа буделе верата на народот во свойте сили и неговата смелост. Целата поема на Кузмана, во свойот натрешен патос, е прокникната со гордост дека од поробениот народ излегол таков йунак.

Народната поезийа го следи неотстапно патот на народот. Таа се одзива попосле на сите пройави на индивидуален бунт против потисниците, што особено се засилуат во втората половина на XIX век, во времето пред да се удрат темелите на револуционерната организацийа, кога излегуат цел ред кумити, како што беа Спиро Црне, Димче Могилчето, Мицко и др.

Покрай печалбарските песни во тоа време, централно место во народното творчество земат кумитските и попосле револуционерните песни. Околу тие два центра се врши цела прегрупацийа на мотивите од постарата поезийа, собирайки се во печалбарските песни сите оние мотиви на разделба и на лйубовна тага, што можат да се оживотворат во новото време, а во кумитските и револуционерните песни по истиот начин сите мотиви од айдутството, што можат да се соединат со новата револуционерна содржина.

Кумитските песни се верен одраз на тоа како стихийно се буди во душата на нашиот селски народ уверението дека од беговскиот гнет нема друг спас, освен да се крене пушката. Карактерично за турското ропство беше не само економската експлоатацийа на селанецот чифчийа туку исто така и во найголема мера, силно развиеното насилништво и дзулумджијштво. Той момент изигра не мала ролйа во развитокот на нашето револуционерно движение, бидейки ги ангажира за него слоевите изложени на постойанен разбойнички терор, грабежи, насилства и убийства — средните и поимотните селани. Тоа имено го кажуе песната за Мицка и за Ристета добреноецот, што збираат кумитска дружина:

„. . . За да шетаме кичевски села,
кичевски села, поречка страна,
да си чуваме нашите бракйа,
нашите бракйа, нашите сестри,
од той пес Джема Кичевчанецот,
што ни запусти сиот вилает,
сите рисийански села поплени,
што ми расфрли тешка вергийа,
тешка вергийа, ем индадийа:
кому две лири, кому четири,
глава му сече, челад зароби.
Той ни безчести нашите сестри,
нашите сестри и братучеди,

Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје

той ни истепа домакините,
и им поплени се што имаа,
се што имаа во куча стока.
Брат му на Джема во судот седи,
в Кичаа на суд мезлич да биде.
Джема за себе стока пленуе,
и на брата си той дел му дава.
Судот кически тоа го гледа,
тоа го гледа, ич гайле нема,
за да йа брани царската райа".

Бо времето кога во Европа се вреви за некакви реформи во Турцийа што ке го олеснат животот на райата и кога турската политика игра на тоа йаже мегйу двата блока држави заинтересирани за нейзината поделба, оваа песна со силината на селанската непосредност йа покажуе сета илузорност да се чека некакво подобруенйе од власта каде што едниот брат е разбойник а другиот судийа во Мезличот, та двойцата си го делат пленот братски. Место тоа, песната вика да се сбира дружина за борба со насилниците. Од тоа време, и за истиот Мицка се забележителните стихови од песната за смрта на Джема. Кога Мицко на презрителните зборои од овега дека „каурска пушка не дупи, каурска саблйа не сече" одговара:

„Почекай, песу, да видиш,
каурска пушка как дупи,
каурска саблйа како сече!"

Во тие зборои, процедени низ стиснати заби, звучи векйе тврдата вера на нашиот селанец дека може со оружйе да го наваса насилникот. На тоа и животот го беше научил. Беше изминало време од Кузмана Капидан, и пак песната йасно покажуе колку нешто станало во душата на народот за тие пет-шеесет години. Во Македонийа зрее револуцийа. Организацийата дойде во правиот час, да го оформи и да го управи стихиниот народен бунт.

Революционерните борби од почетокот на овой век, означийа решителен прелом во развитокот на македонскиот народ. Тие го раздвижийа длабоко народот, открийа пред него невидени перспективи, внесоа ред нови елементи во неговиот поглед на светот. Тоа нешто найде свой израз и во народната поезийа. Песните од революционерните борби, ако ги поредиме со поранешните песни за кумитите-бунтовници, и ако временски им се многу блиски, сведочат векйе за една многу повисока степен од народната свест, обогатена со опитот од организиранйето од революционерното длижение. Тие, колку што се собрани досега, чинат цел циклус, а секако дека би се принашле и уште некой запазени до денеска во народот. Нивната важност ја наголемуе фактот дека тие се, речи-си, единствениот литерарен материал во кой што е одразена таа революционерна епоха од нашата историйа. За нейзината карактеристика овие песни не се од потребното значение. При тоа треба да подвлечеме дека тие, создадени во народот, спротивно на извесни песни навеани тогаш од страна, носат печат на вистинско поетско вдохновение. Мегйу нив има неколку што можат по свойата сила да се мерат со найарните образци од нашата народна поезийа. Тоа е заправо еден нов израз на

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје

народната творческа сила во еден крайно напрегнат историски момент.

Па што е новото, одразено во нашите революционерни песни? Во нив на прв план избива сега чувството на општноста, на народот и татковината. Додека во понапрешните песни ние во найдобар случай навагйаме бунт на оделни личности, предизвикан од насилствата на потисниците, но ограничен на една често пати моментна реакцийа, без да се поставуе сето тоа на широката национална основа, — во революционерните песни йа навогйаме векйе йасно изразена свеста за целоста на народот и за родната земйа, и борбата што се води векйе од целиот народ за свойата слобода. Тоа е едно големо историско завойуенйе. Во врска со тоа на широките народни маси за прв пат им стануе близок и разбран подвигот на личноста во името на поробениот народ и на татковината, — како што се пее во познатата пасна.

„Миле поп Йорданов за народ загина,
за народ загина, за Македонийа".

Се буди чувството за национална чест и достойнство. Покорената райа се превратуе во бунтовен народ што ги знае и ги бара свойте права за слободен живот. Порано во народните песни не можеше да се сретне името на Македонийа, зошто уште не беше закрепната во народот преставата за татковинита. Сега свойот живот го дават борците во името на таа „црна земйа робинка". Таа се йавуе отелотворена во ликот на родната майка, на койа што синот и се обракйа со зборовите:

„Ти рагйаш, мила майко ле,
се одбор храбри йунаци,
ама дома не ти седат;

Ти рагйаш, мила майко ле,
се лични керки убави,
ама турски измекарки".

При тоа основно чувство за народната општност и за татковината, революционерното движение развива во душата на народот ред нови црти и го обогатуе опитот негов со ред нови животни факти. Сето тоа навогйа свой одраз во народната поезийа. Националниот подем се изразуе во оружената борба. Одтаде чувството на долг што го вика човекот да се бори со пушка во раце за слобода на свойата поробена татковина. Син се проштева од майка, либе од либе, да тргнат во гора „на кумитцко збориште". Тие се спремни за свесна жертва, за нив е векйе йасен зборот слобода, той збор што пак во тоа време почнуе прв пат да проникнуе во нашите народни песни.

Треба особено да йа истакнеме бодроста што зазвучуе во нив. За нашите песни општо може да биде найкарактеристична жалната нота. Но сега векйе во нив се внесуе бодрост од революционерната вера во победата. Ранетиот борец не жали за смртта свойа, а им пракйа порака на свойте другари да се веселат дека за слободата загинал и да го одменат:

„Трекйото писмо да го предадеш,
да го предадеш на мойте другари
и да им кажеш, кардаш бре Колйо,
да не ме чекат, да не ме плакат,

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

пушки да фрлат и да се радват,
оти сум, Колйо, младо загинал,
младо загинал за слободата".

Народот се отресуе од ропските стравои на минатото и од покорноста. Той го прегрнал револуционерниот став како единствено спасоносен. Той го знае својот враг и патот на борбата против той враг.

Народна песна создаде и лик на револуционер — борец за народна слобода. Тоа е ликот на Гоце Делчев. Интересно е какво место заема той мегйу другите йунаци што ги спомина и опева тогаш народната песна. Додека тие се даваат во песните обично преку описот на некойа нивна акцийа, ограничени со тоа, ликот на Гоцета добива едно обопштуачко значение, добива црти на легендарност. Тоа е народниот идеал на йунак. Нему му е поставена лйубовта народна. Нему е доделен найвисокиот подвиг за народот. „Кой ке йа пропади црната чума од Македонийа — праша песната. И отговара:

„Избрал се, ми се изнашол,
млад Делчев, Гоце войвода,
он појде в Македонийа,
чумата йа пропади,
од жална Македонийа".

Той е повикан да йа спаси поробената татковина, затоа нему му се испейани найубавите песни. Со каква сила се предава само неговата пойава во гората зелена:

„Развивай горо зелена,
развивай шумо зелено,
рашири сенки ледовни,
ке мине Делчев войвода,
со неговата дружина".

Кай него идат момци, моми го китат со цвекинйа него и неговата дружина. А кога пагйа той смртно удрен од куршум, народот си йа спомина старата песна за Капиданот, што се оженил за црната земйа, и йа разработуе таа песна за смртта на Делчева, кой што се жени „за црна земйа робинка, за клета Македонийа". Во тоа е изразена смислата на целиот живот негов.

Револуционерните песни се цела поетска хроника на нашето револуционерно движение. Никогаш во народот наш не се поело толку како тогаш. Никогаш за такво кратко време од десетини години не се создаде толку песни. Опевани се сите поважни случки и сите пойави сврзани со револуционерното движение, судиранйе на четите, геройска смрт, геройско држенье пред непрйателот, предавство, — сето оноа што го донесе за себе револуционерната борба се до денот на востанието кога се скршуе револуционерниот подем на народот, кога во нокйта осветлуейки ги грозно рамнините и околните гори на ридот се зацрвени и пламна Крушево.

„Ветерот вее, шумата шуми,
Оган го гори градот Крушево".

Предвременото Илинденско востание донесе брза катастрофа на внатрешното револуционерно движение. револуционерниот размав на ма-

Attribution-NonCommercial-NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје

кедонскиот народ спласнуе. Неговите непријатели се нафрлуат на него да го раскинат. Во Македонийа се засилуе врховизмот, тугй на народните маси. Народот е со скршени крила. Тогаш замолкнуе и неговата револуционерна песна. Песните на врховистичните чети по Илинденското востание не носат никаков народен отпечаток; тие по йазик не се наши — вртат повекйе на кай бугарски, на страна тоа што немат никаква уметничка вредност.

Така песната како сенка неостапно го следеше народниот пат. Таа го изразуеше неговиот подем и неговото пагйанйе, покажуейки найдобро што ново се заробило и се фатило во душата на народот, Во текот на ренолуционерните борби во почетокот на овой век народната песна го одрази тоа, по каков начин стихийниот народен револуционерски устрем се проникнуеше со елементите на една нова револуционерна национал-ослободителна идеологийа, внесуена во народот од страна на неговата ицтелигенцийа. Свое продолжение таа песна найде допрва во нашата нова поезийа, при новиот револуционерен подем на нашиот народ. Немаше навистина ништо поприродно од тоа што нашата уметничка поезийа се йави како продолжение нейзино.

---

**Лазо Вчков**
пом. министер на трговията
на НРМ

# Успесите на народната власт во трговийата и снабдуенйето

Веднаш после ослободуенйето на нашата земйа пред народната власт и се постави како найважна задача снабдуенйето на населението со найнеобходимите артикли за живеенйе.

Окупаторот ни йа остави земйата економски наполно исцрпена. Нашата и така слаба индустрийа беше разорена или онеспособена за производство. Комуникационите врски беа наполно прекинати, од друга страна заостаналите резерви од стоки по трговските магацини во Македонийа беа систематски изнесуени од страна на окупаторот. По той начин нашата земйа беше лишена од производството на стоки, а внесуенйето од страна беше апсолутно невозможно.

И покрай опустошенийата што ги направи окупаторот останаа во некой места уште малку стоки од прва необходимост, како ориз во кочанско, грав во тетовско и гостиварско, кромпир во Битолско. Пред новата народна влст веднаш се испречи задачата да йа организира исхраната на населението, а тоа ке рече да се откупат и распределат вишковите на зрнените храни.

За исполнението на поставените задачи од народната власт не може да се говори, ако не се спомене и помошта што йе даде Народниот фронт. Со помошта на фронтовските организации се прибраа сите вишкови, се поправийа разрушените комуникации, така да откупените храни се испратийа и пренесоа во сите краишта на Македонийа, каде имаше нужда.

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски“- Скопје

Во той период откупено и распределено околу пет милиона кгр. зрнени храни во вредност од над 200 милиона лева. Покрај зрнените храни народната власт ги распредели и следните декларирани стоки: сол 581,399 кгр., разни текстилни стоки 260,629 метра и аналински бои на 50,000 кгр.

Прометот во овој период во главно се изврши со државни средства, но со помошта на трговците. Државниот сектор во трговийата уште не беше формиран, во той период кооперациите беа слаби и тек во Формираньe.

Со оспособуенйе на комуникациите и производствените претприйатийа, за койе народната власт заедно со фронтовските организации уложижийа най големи усилийа, се поставуат првите контакти во рзмената на стоките со другите федерални единици. Тоа е периодот кога никнуат државните трговски претприйатийа и растеж на кооперациите.

Народната власт оценуейки го значението на трговийата како полезна друштвено економска функцийа да йа прифакйа стоката од производните центри и йа доставуйе до нейзините консуматори, го формира државното купопродайно предприйатие — „Докуп". Во исто време се формираа дирекциите на сойузните предприйатийа „Котекс", „Йугопетрол" и „Отпад". Нешто покасно се формира и дирекцийата на Народниот магацин —„На-Ма", Скопйе. Тоа е началото во државниот сектор во трговийата.

Покрај тешкотинте кои се испречуеа пред народната власт за извршуенйе на една важна функцийа како што йе трговийата, а тие се во главно: неопитен кадар, неманйе оборотни средства, превозни средства и прстории, голем дел од едрата трговийа сепак мина преко државниот сектор и така се уштедийа на држаавта милиони динари, кои порано несвесните трговци ги трупаа во своите джепови.

Како важен проблем се постави пред народната власт и организиранйето на дистрибутивниот апарат. Тука народната власт беше поткрепена наймногу од фронтовските организации, кои го помогнаа создаванйето на широка мрежа од кооперации во цела Македонийа. Така покрай двете „Гранап" и двайесете „Онап" и со своите продавници дистрибуцийата на стоките се врши во голем дел од продавниците на Рекопските кооперативни сойузи — „РЕКООПС" и потребителните кооперации, кои бройат: „РЕКООПС" и 19 со голем брой продавници и околу 700 потребителни кооперации. Во дистрибуцийата участвуат исто така и частните трговци со добар дел, а голем дел от нив прейдоа во државните трговски предприйатийа и во кооперациите.

Додека трговскиот апарат на дребно бройчано расте, внатрешната организацийа на той апарат (државни и кооперативни) е уште слаба. Народната власт усилено работи да дистрибутивниот апарат стане модерен трговски апарат, а лугйето в него културни и модерни трговци. За таа цел народната власт организира во поголемите центри специйални курсеви како за книговодители од предприйатийата, така и за останалиот персонал. Но кооперативната линийа истото тоа го исправи и Главниот кооперативен сойуз на Македонийа.

Макар да изминатата година беше найстрашна година койа се помни со сушата и реколтата, благодаренийе на трговската организацийа, во Македонийа се внесе над 60 милиона кгр. зрнени храни, така да му беше на найодалечените народни одбори доставено доволно количество храни

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски"- Скопје

за да не остане ни еден граѓанин на Републиката гладен. Секои непроизводители на зрнени храни, а и производители на кои не им достигаше, беа обезбедени со хлеб и тоа на цена од 6 динари кгр. Без една таква организацийа, во една таква сушна година широките народни маси ке беа изоставени на милоста и немилоста на шпекулантите и црноберзийанците и ке владееше општа глад.

Таа година реколтата е подобра и народната власт со помошта на фронтовските организации преко трговскиот апарат го врши откупот на житариците.

За разлика од откупите што ги вршеа окупаторските власти, денеска откупот представуе планско собиранйе на селските производи за да им се обезбеди хлеб на работните маси и да се осигурат потребите на земйоделците и нивното снабдуенйе. Народната власт живо се интересира за работниот народ како той во фабриките и канцелариите, така исто и на селото. Покрај тоа што се на секой производител остава вишак од производството на слободно располаганйе, нему му се даваат во замена како за обавезниот вишок така и за слободниот индустриски произведенийа и тоа: од вредноста на обавезниот вишок 30%, а од вредноста на слободниот вишок 50%. Се дава возможност на производителите да се снабдат со найнужните индустриски произведенийа по нормирани цени и од планско производство а чий квалитет е добар.

До сега е отпуштено за откупот на житото волнени тканини за горни алишта 8.300 метра, памучна тканина за горни алишта 16.332 метра, тканина за фустани 29.478 метра, тканина за машки и женски веш 12.026 метра, платно за постели 22.285 метра, порхети 74.000 метра, поставски тканини 12.98 метра, опинци 3.500, кондури 750, сода каустик 60.000 кгр. синджири за коли 5.000 кгр., шини за кола, плугови, посуѓйе и уште многу други стоки за истата цел кои ни се доделуат од Сойузното Министерство на трговийата и снабдуенйето. Макар да тайа година реколтата е добра, за прехрана на непроизводителното население народната власт преку државниот трговски апарат ке ги внесе потребните количини жито и ке се обезбедат работните маси со леб како минатата година.

Помошта койа йа укажуе народната власт на селото не е само за производителите на житото. Уште во април месец таа укажа помош и на тутунопроизводителите, на кои им се даде аванс во царевица а истовремено им се увелича дажбата од 400 гр. на 800. На тутунопроизводителите во Македонийа е разделено 3.900.000 кг. царевица. На бубохранителите исто така им се доделийа памучни тканини и тоа околу 85.000 метра.

Окупаторот нанесе големи штети и на нашите туристички и планински обекти. Народната власт отпушти 4 милиона динара за поправка на скийашкиот дом на „Попова Шапка", на планинските кукйи на Пелистер, планинската кукйа на Лйуботен и хотелот „Белви" во Охрид, како и за охридската плажа, со кое ке се даде возможност на нашите фискултурници да ги упражнйават и овие дисциплини.

За издиганйе на стручно трговскиот кадар, со отпуштанйето на стипендии за бедните и добри ученици, е дадена возможност на голем брой ученици да се запишат во трговските академии. Исто така при двете академи се отворени интернати, со кои се овозможуе на учиниците од селата и провинцийата да завршат трговска академийа за да добийат стручни познанийа како би можеле да помогнат во привредната обнова.

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје

на нашата земйа. Бројот на запишаните ученици и во двете академии го преминуе предвидниот број, тоа покажуе дека търговската политика на нашета народна власт оди на тоа да се создаде таков државен и кооперативен трговски кодар, кој што ке биде способен да внесе план во трговийата. Народната влас дава иницийатива за организиранйе и поевтинуенйе на секойа трговска операцийа и на приватниот сектор на трговийата, но истовремено ке ги ограничуе и сузбива шпекулантските и профитерски тенденции.

Досегашните успеси и на полето на трговийата и помошта, што йа укажуе нашиот народ на органите на народната власт во нормализиранийето на нашиот економски живот, ни сведочи за неговата готовност да ги вложи сите усилийа за поскорешната изградаба на нашата земйа. Таа своја готовност нашите народи ке йа манифестират и на предстойекйите избори за Уставотворното собранийе на НРМ, кога со своето 100% излегуенйе на изборите ке им зададат найсилен удар на сите наши непрйателли.

---

К. С.

# Достоевски за великата мисия на руския народ към славянството и за цялото човечество

